Врз основа на член 26 и 26-а, од Законот за јавните претпријатија („Службен Весник на Република Македонија„ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен Весник на Република Северна Македонија„ бр. 75/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25) како и Правилникот за формата и содржината на јавниот повик, за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и на начинот на бодување и селекција на кандидатите (Службен весник на РСМ број 213 од 17.10 2024 година), Советот на Општина Штип објавува:

Јавен повик
за избор на членови на Надзорен одбор на ЈП „Енерго Штип" Штип
Број 2/26

ПРЕДМЕТ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

Предмет на Јавниот повик е спроведување на постапка за избор на три члена на Надзорниот Одбор на ЈП „Енерго Штип" Штип.

Постапката се спроведува согласно Правилникот за формата и содржината на јавниот повик, за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие,начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и на начинот на бодување и селекција на кандидатите (Службен весник на СРМ број 213 од 17.10 2024 година).

Јавниот повик се распишува за три члена на Надзорниот одбор на ЈП „Енерго Штип" Штип со мандат од 4 години.

ПРАВО НА УЧЕСТВО

Право на учество имаат сите заинтересирани физички лица кои ги исполнуваат условите предвидени во Јавниот повик.

Јавниот повик со сите услови се објавува на веб страната на Општина Штип- www.stip.gov.mk

**УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ИСПОЛНАТ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА**

За член на Надзорен одбор на јавното претпријатие може да биде лице кое ги исполнува следниве услови:

- е државјанин на Република Северна Македонија,
- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование од областа на правните науки,еконмските науки или од областа на дејноста на јавното претпријатие и

- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Кандидатот треба да исполнува и еден од следните наведени услови:

- еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство;
- еден член на надзорниот треба да има најмалку 5 години работно искуство од областа на финансиското работење и
- еден член на надзорниот треба да има најмалку 5 години работно искуство од областа на правните работи.

Задолжителни документи кои треба да бидат доставени како доказ за исполнување на условите за член на НО на ЈП„Енерго Штип" Штип се:

- Државјанство на Република Северна Македонија,
- Уверение или диплома за завршено високо образование и стекнати 240 ЕКТС или завршен VII/1 степен образование,
- Потврда дека **со правосилна судска пресуда** не му е изречена казна или прекршочна забрана за вршење на професија, дејност или должност,
- Потврда за евидентиран стаж од Фондот на пензиско и инвалидско осигурување на Северна Македонија.
- Кратка биографија,
- Сертификати, лиценци, уверенија, дипломи издадени од овластени, односно акредитирани институции за нивно издавање согласно закон.

ПОСТАПКА ЗА СЕЛЕКЦИЈА НА ЧЛЕНОВИТЕ

Постапката за селекција на членовите на надзорниот одбор на „Енерго Штип" Штип се состои од две фази и тоа:

– административна селекција (се состои од проверка на внесените податоци во пријавата со условите утврдени во Јавниот повик) и бодување и

– интервју.

Точниот датум, време и место на оддржување на интервјуто ќе бидат објавени на веб страната на Општина Штип: www.stip.gov.mk

- РОК И НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ

Јавниот повик трае 5(пет) дена, од денот на објавувањето на веб страницата (вклучувајки го и денот на објавување).

Јавниот повик ќе се објави на **12.01.2026** година.

Пријавените кандидати соодветната документација во хартиена форма во оргинал или копија заверена на нотар заедно со пополнета Пријава на образец за пријавување (која е прилог кон повикот) да ја достават до:

Општина Штип ул„Васил Главинов" бр.4Б, Штип или во архива на Општина Штип (со назнака: За Јавен повик за именување на членови на Надзорен Одбор на ЈП„Енерго Штип" Штип).

Краен рок за поднесување на пријавите е **16.01. 2026** година(петок).

Образецот за пријавување на повикот е составен дел на овој повик.

Постапката за селекција на кандидатите ќе ја спроведе Комисија за селекција формирана од Советот на општина Штип.

Постапката за селекција ќе се одвива во две фази:

- Административна селекција (завршува најдоцна 10 дена по истекот на рокот за пријавување на кандидатите;
- Интервју (со кандидати кои успешно ја поминале административната селекција,се спроведува најдоцна 10 дена од денот на завршување на административната селекција)

Комисијата за селекција врз основа на ранг листа подготвува и доставува предлог на кандидати за членови на Надзорен одбор на ЈП„"Енерго Штип" Штип до Советот на Општина Штип.

Напомена: Пријавите без комплетно приложена документација или кои се доставени по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат. Доставените прилози не се враќаат.

Број 08 – 8836 /1
29 декември 2026 година
Штип

Совет на Општина Штип
Претседател,
Весна Кожинкова